САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВОРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH ORGANIZATIONS INTHE REPUBLIC OF MACEDONIA

САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
БР. 0302-96/1
СКОПЈЕ, 15.09.2026 год

До:
д-р Сашо Клековски, министер за здравство
Министерство за здравство на Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Барање за изземање на јавните здравствени установи од пресметката на плата преку Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| | 15-09-2026 | | |

Почитуван Министре,

Министерството за јавна администрација достави до јавните здравствени установи барање за номинирање лица кои ќе посетуваат онлајн обуки за новиот начин на пресметка на плата преку ИСУЧР, при што обуките се веќе во тек, а најавената насока е пресметката на платите во јавниот сектор во иднина да се врши исклучиво преку тој систем.

Во врска со тоа, укажуваме на следново:

Специфичност на дејноста и на пресметката на плата. Пресметката на платата во јавните здравствени установи суштински се разликува од онаа во органите на управата. Таа опфаќа елементи кои произлегуваат од непрекинат 24-часовен процес на работа: дежурство и приправност, работа во смени, ноќна работа, работа во денови на неделен одмор и во празници, прекувремена работа во услови на недостиг на кадар, додатоци по основ на посебни услови за работа и изложеност на ризик, како и специфични коефициенти по работни места утврдени со колективните договори. Овие елементи се променливи на месечно ниво и се утврдуваат врз основа на распореди и евиденции што ги води самата установа.

Платата, додатоците на плата и надоместоците на вработените во јавните здравствени установи се уредени со колективни договори склучени согласно член 203 и член 210 став (1) од Законот за работните односи, како и со Општиот колективен договор за јавниот сектор („Сл. весник на РСМ“ бр. 154/2023). Еднострано воведување на единствен методолошки модел на пресметка преку информационен систем, без претходно усогласување со страните на колективните договори, во пракса значи изменување на начинот на остварување на права утврдени со колективен договор по пат на техничко решение — што е спротивно на природата на колективното договарање и може да доведе до намалување на веќе стекнати права.

Јавните здравствени установи веќе применуваат сопствен, разработен начин на пресметка на плата, усогласен со колективните договори и со подзаконските акти, поврзан со евиденцијата на работното време и со изворите на финансирање, вклучително и средствата од Фондот за здравствено осигурување и приходите од дополнителна дејност. Пренесувањето на овој процес во систем што не ги предвидува наведените специфичности носи ризик од погрешни пресметки, задоцнети исплати и обемни дополнителни рекламации.

Според нашите сознанија, поради специфичноста на дејноста определени институции веќе се изземени од овој режим на пресметка на плата преку ИСУЧР. Барем со иста мерка треба да се цени и здравствената дејност, која функционира во непрекинат режим на работа и со најсложена структура на додатоци на плата во јавниот сектор.

Самостоен синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија-ССКЦ и Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита бараат Министерството за здравство да покрене иницијатива пред Министерството за јавна администрација и пред Владата на РСМ за изземање на јавните здравствени установи од модулот за пресметка на плата во ИСУЧР, со задржување на постојниот начин на пресметка утврден со колективните договори.

Со почит,

Самостојниот синдикат на вработените
во универзитетските клиники, центри,
клинички болници и други јавни
здравствени установи во Република
Македонија
Претседател
Прим. д-р спец. Предраг Серафимоски